СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 6629 /30
31.10.2022 година
Кавадарци

ЗАПИСНИК

За работата на 19-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денеска 31.10.2022 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 19-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат сите 19 советници. Отсутни нема. Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од 18-тата седница наСовет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

Дали има забелешки од Записникот од 18-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 18-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека едногласно е усвоен Записникот од претходната седница.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес тоа :

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година-Трет квартал;
2. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
4. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2023 година ;
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;
7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2022 година;
8. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци плански период (2020-2025);
9. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
11. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Вељко Влаховиќ" како приоритетна инвестиција;
12. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Димката Ангелов Габерот" како приоритетна инвестиција ;
13. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Максим Горки" како приоритетна инвестиција;
14. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Слога" како приоритетна инвестиција;
15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.32/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за примање на движни ствари од Дирекција за заштита и спасување-Скопје противпожарна опрема и средства за гасење на пожари и давање на Територијална Противпожарна Единица Кавадарци;
18. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„ Тошо Велков - Пепето„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

19. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тоде Хаџи -Тефов,, Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
20. Извештај за редовно работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци за третото тромесечје од 2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци ;
21. Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци за 2023 година;
22. Предлог- Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување на спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци;
23. Предлог- Статут на Јавното претпријатие за стопанисување на спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци (пречистен текст);
24. Предлог-Решение за формирање на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локални младинско собрание на Општина Кавадарци;
25. Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната Општинска Установа за деца-Детска Градинка „Рада Поцева,, Кавадарци;
26. Наративен и Финансиски Извештај за реализацијата на Тиквешки Гроздобер 2022 година, од Иновативa ГРОУП ДООЕЛ Скопје;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред и тоа :

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Констатирам дека е усвоена точката и е проширенпредложениот Дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

а субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневниот ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.Дали има други предлози за измена и дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред.Бидејќи нема предлози и измени за дополнување на досегашниот изменет дневен ред предлогот на комплетниот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоено.

Почитувани советници одиме на реализација на Дневниот ред на 19-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година-Трет квартал;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни, почитувани колеги советници, Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Според Кварталниот извештај за работењето на Општина Кавадарци за третиот квартал може да увидиме дека остварен е планираниот буџет, така што во износ значи колку биле планирани средства се остварени и тоа оптимално. Значи кога ќе го земиме во предвид целиот буџет, основниот буџет и се други видови на приходи 74% во делот на приходи, а 66 во делот на расходи, а во основниот буџет имаме остварување на приходите 81%, а во делот на расходите 68%. Но кога ќе направиме анализа во делот на остварените приходи, кои приходи сме ги оствариле и за што сме ги потрошиле средствата ситуацијата е следна. Значи помал процент на остварување на приходите од оптималните имаме во вкупно тековните оперативни приходи. Значи тука се даночните и неданочните приходи. Кај даночните приходи имаме подобро остварување, околу 100%, но во неданочните приходи имаме многу мало остварување. Тоа беа приходите кои што ги спомнавме и придонесувањето на буџетот кој што уште тогаш беше увидено

дека тие приходи реално се неостварени, но беа доставени во самиот план и требаше да се насочи Општината во остварување на непланирани приходи и тоа е направено сега со овој кварателен извештај. Значи се остварени непланирани приходи со кои што се надополнуваат приходите што биле планирани, а не се оставарени. Тоа е значи во делот на капиталните приходи. Тука имаме за 3 пати повеќе остварено приходи од планираните. Тоа се приходи со продажба на државно земјиште и приходи со наплата на комуналии за градење, за уредување на градежно земјиште. По логиката на нештата, штом имаме такви приходи значи ние мораме да имаме и зголемување на капиталните расходи затоа што овие приходи што сме ги наплатиле за уредување на градежно земјиште логично доведуваат до наши обврски за уредување на градежно земјиште. Тоа значи дека треба да имаме и поголеми потрошени или поголем процент на остварени вкупни капитални расходи, но во извештајот вкупните капитални расходи е во процент 68, значи не се остварени. За кварталот може приближно е оптимално бидејќи е 75, но веќе кога сме оствариле поголем дел на капитални приходи логично е да сме имале поголем процент и на капитални расходи, но тоа можеби ќе следува во натамошниот период, што ќе видиме од натамошните квартални извештаи. Во другиот дел од остварување на приходите сакам да потенцирам дека кај самофинансирачките активности имаме многу мал процент на остварување од 33% и сметам дека овие приходи може да се планираат подобро и тука треба да се насочиме на подобро планирање на овие приходи бидејќи кога гледаме ваков процент на неостварување на приходите се поставуваат повеќе прашања зошто тие приходи не се остварени, а реално можат и треба да се планираат соодветно на нашите услови на работење на институциите што се во рамките на Локалната Самоуправа. Во донациите имаме мало остварување, помало од оптималното, но останува реков уште еден квартал, да се надеваме дека фирмите што планираат да донираат во Општина Кавадарци ќе бидат расположени и ќе можат да донираат средства со кои што ќе се оствари тоа што е планирано до крај на годината . И во делот на обврските значи со трети месец од првиот квартал имавме висок износ на обврски за плаќање на Општина Кавадарци, над 60 дена, но тој износ се намали со вториот квартал, трендот продолжува на намалување на обврските. Значи штом сме оствариле приходи непланирани повеќе од тоа што сме го оствариле во делот на капиталните

приходи. Дел од тие средства се насочени на намалување на обврските и моментално обврските на Општина Кавадарци се 28 000 000 што е добра бројка, ако продолжиме така до крајот на годината и друго сакам да потенцирам дека многу инвестиции што се направени во Општина Кавадарци и се често спомнувани од страна на Локалната Самоуправа како инвестиции во нашата општина некогаш се спомнуват министерствата кои ги одобриле овие средства да се прават овие инвестиции во Кавадарци или пак некои соодветни бироа кои што се под централната власт. Некогаш во извештаите од Локалната Самоуправасе потенцират, се кажуваат, некогаш се заобиколуваат, но сепак сметам дека треба да потенцирам дека и во претходните и оваа година, значи и овој квартал, па и претходниот период централната власт преку Министерствата за образование, преку Министерство за труд и социјална политика, преку Министерството за земјоделие, па и преку Бирото за регионален развој имаме инвестирано голем износ на средства во Општина Кавадарци значи тие инвестиции се заедничи успех и на Локалната Самоуправ и на централната власт, но во износ, јас си побарав од финансии само што ќе треба тука да ги вклучиме и другите сектори за да видиме точен износ колку средства се од централната власт, а колку се од локалната. Не дека треба да правиме некоја разлика, затоа што во секој случај и во едниот и во другиот случај тоа се пари на граѓаните, на народот што треба треба да се трошат по Локалната Самоуправа, но сепак треба да сме среќни што Локалната Самоуправа Кавадарци користи средства од централната власт и централната власт е расположена и натаму да троши средства во Општина Кавадарци, затоа што тоа е од посебно значење за нас како советници на Совет на Општина Кавадарци. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Дали некој друг бара збор. Повели Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, Претседател на Совет, Градоначалник, новинари, граѓани на Општина Кавадарци. Пред нас е Кварталниот Извештај К1. Ги спомна и советничката Веса Богева нашите забелешки во однос на Кварталниот извештај и во однос на реализацијата на поедини приходи и поедини расходи. Ова што е претставено во кварталните извештаи да кажам и тој процент на реализација не соодветствува со она што минатата година на локалните избори го ветуваше Градоначалникот и политичката партија која што беше кандидирана. Значи имате објавено во вашата Изборна програма

клучни капитални инвестиции за кои што гарантирате дека ќе ги исполните. Тоа се овие. Ветувавте проекти Мини скијачки центар во с. Михајлово, кој што го нема. Може да видат и граѓаните. Ова е доопремување на Спортски Центар Јасмин исто така, каде што е проект ветен од ваша страна и од кои сте барале доверба од страна од граѓаните, кој што го нема, адреналински парк исто, може да виде јавноста, Дом за стари лица исто така проект ветен. Не пишува реализација. Еве на пример Дестилана, а ветите ли 2017 година дестиланата. Дестилана е ветена 2017 година Еве дестилана. Нема дестилана. Еве 3D кино. Ја имаме во програмата на Дом на култура. Ја гласаме програмата за Дом на култура. 3D кино сала нема еве. Оброк за екое дете. Исто така проект кој што го нема. Трговски центар. Обиколница. Зоолошка градина. Ниту еден проект немате реализирано Градоначалниче од оние клучни капитални проекти кои што сте им ги ветиле на Кавадарчани и во отчетот промовирате проекти кои што се реализирани, кои што се проекти од страна на централната власт. И детската градинка и спортската сала се проекти од страна на централната власт . Сега сите логично ќе кажите треба централната власт да инвестира во општините, да инвестира во Општина Кавадарци и во другите општини, меѓутоа прашањето е, зошто до 2017 година Општина Кавадарци која е една од економски моќна општина која што има компании, кои што добро работат, кои што плаќаат данок,сите ние кои што плаќаме данок зошто претходно не се враќало назад во Општина Кавадарци и што од овие средства кои што сте ги прибрале Градоначалник се поплочување на улички имате реализирано како капитален проект. И друга работа која што сакам да ја спомнам тоа се реакциите на граѓаните за најавената градежна офанзива која што веќе трае предолго време и која што креира еден сообраќаен хаос во градот првично и втора работа посебно за централното градско подрачје одредени компании, бутици, кафиќи кои што егзистираат на тие улици се соочуваат со сериозни проблеми и со намален приход токму поради спората изведба на тие улици. Јас би имал толку да кажам. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор. Повели Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани граѓани, почитувани медиуми. Разгледувајќи го овој квартален извештај сакам да кажам и правев анализа и за

досегашното работење, веќе имаме една година тука во Советот. За овој квартален извештај можам да кажам дека има реализација, добро е според планираното. Не сум задоволен за некои ставки. Еве ќе кажам за развој на руралните подрачја. Беа планирани до крајот на годината околу 9 000 000 денари, ако во буџетот за 2021 година беа предвидени околу 1 800 000 денари за буџетот во 2022 беа планирани околу 9 000 000 денари. Дел од нив се реализирани. На пример фудбалско игралиште во Марена, некои реконструкции, поплочување, фекални канализации во Сопот, Горна Бошава, меѓутоа за некои сеуште не се почнати, а предвидени се на пример поплочување на некои улици во Крњево, Раец, Возарци, Бојанчиште во вредност од 3 000 000 денара уште не се почнати, а имаме уште 2 месеци до крајот на годината и сакам да предложам за наредниот буџет што ќе биде за 2023 година да се издвојат поголеми средства за развој и пристапност на руралните подрачја. Овој буџет ќе биде реализиран претпоставувам и се надевам дека и овие работи што ќе ги спомнам ќе бидат реализирани до крајот на годината и во ситуација кога имаме светска економска криза во опкружување каде што се води војна јас сум среќен што нашата општина нема некои поголеми долгови и јас сакам сите да се активираме и ние како советници да ја пребродиме оваа криза. Со затварањето на Фени неколку фирми, неколку, три фирми сега од тие што ние ги опслужуваме како книговодствено биро веќе ги затвараат фирмите, се води постапка за ликвидација, стечај и ликвидација, а до крајот на годината се најавени уште 3, 4 такви фирми. Не очекува тежок период во наредната година и треба сите да се ангажираме, да помогниме со наши предлози, идеи да бидиме поактивни тука во нашата општина заеднички со заеднички сили, предлози, да ја поминиме оваа криза. Моите очекувања се дека наредната година барем околу 20-30% од правните субјекти ќе неможат да ја издржат оваа криза, затоа барам максимално ангажирање од сите нас. Во врска со тоа што и претходните сите овие 9 месеци се зборува централна власт помага, локална власт реализира, ова, она. Мораме да бидеме свесни дека централната власт мора да помага. И ако гледаме тука во извештајот централната власт си ги исполнила своите обврски во делот на исплатата на нејзините обврски што се и тоа сите сме свесни дека на време се даваат плата кај сите овие општински институции кои што треба да добијат плата од централната власт . Тоа е во ред. И јас бев на отчетот што го даваше нашиот Градоначалник

минатата недела. Бев затоа што голем дел и од мојата програма се реализира за овие една година и имам замерка до Градоначалникот, еве сега што ги добиме овие брошурички за отчетот. Дали треба и Претседавачот на Советот да направе таков отчет да се напомене дека и Советот е заслужен затоа што е постигнато досега. И не треба да делиме ни во ваква моментална ситуација каква што е сега кој најмногу придонел, дали централната или локалната, мора да имаме соработка, мора да си признаеме и Градоначалник на твојот очет од минатата недела само еднаш го спомна благодарејќи на Советот. Се осеќам и јас заслужен за сето тоа што е напишано во отчетот. Треба да ни биде јасно дека ни сме тие чинители, меѓутоа и ако сме ни тие чинители и ни треба да му помогниме и на Градоначалникот со наши предлози и идеи. Ајде сега секој од вас да си ја ставе раката на срце и нека си размисле и нека си признае колку лично секој од нас има помогнато во ова што е реализирано. Имаше во изминатиов период добри идеи и од опозицијата и од вас позицијата, меѓутоа ние треба да бидиме поактивни, заедно да ги разгледаме сите тие идеи, предлози и тогаш да кажиме ова не е реализирано, наш беш предлогот. И на крајот на годината ќе дадиме отчет од сите нас и од Градоначалникот и од Советот. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Имам едно мало дообјаснување во однос на застапеноста на Советот во исказот на отчетот на нашиот Градоначалник. Значи Советот функционира како целина за корекив на работата на Градоначалникот и на пштинската администрација. Во самото изнесување на исказот на Градоначалникот за отчетот за сработеното од минатата година јас мислам како Претседател на Совет дека Советот итекако беше заслужен и беше застапен во неговиот отчет заедно со пштинската администрација која да не заборавиме дека тој магичен круг на општинска администрација, Совет и Градоначалник во изминатата година даде резултат. Одлука за тоа е што Кавадарчани сметам дека се задоволни од нашиот начин на функционирање на нашиот начин на работа и така да во идно време сметам дека треба да продолжиме во тој дух. Во однос на тоа секоја конструктивна забелешка би ја прифатил, меѓутоа сметам дека Советот на Општина Кавадарци во отчетот беше застапен и апсолутно имаше заедничка целина со Градоначалникот и со општинската администарција. Повели советниче.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, раководители на сектор, почитувани останати присутни. На денешната седница на Совет на Општина Кавадарци како прва точка имаме Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година трет квартал. Се јавив за збор во контекст на колегата Мелов кој што претходно нели излезе, кажа дека реализацијата на капиталните проекти е на едно ниско ниво, со кое апсолутно не се сложувам. Пред мене го имам еве тука отчетот на Градоначалникот и на Општина Кавадарци. Така да ќе спомнам јас неколку проекти кои што мислам дека се капитални проекти и од големо значење за Општина Кавадарци. Значи во оваа прва година нели претходно почнат проект, но во оваа прва година од вториот мандат на Градоначалникот и на нас како советници беше доизграден и финиширан Градскиот пазар каде што после 60 години за првпат Општина Кавадарци добива онаков пазар, атрактивен како што заслужува една модерна општина. Тука ни е новиот парк Киро Крстев кој што сите го знаеме и знаеме какво место беше претходно, а како изгледа сега, едно место кое што е опремено со урбана опрема, хортикултурно уредување, нели овој проект да спомниме е за поздравување е донација од страна на општинско одговорни компании кои што ги имаме во нашата општина и треба да бидеме благодарни за тоа. Спортска сала во ООУ Страшо Пинџур Кавадарци, каде што и ова училиште, мислам дека е последно училиште, кое што беше без спортска сала, се изгради и таму нова спортска сала, ќе спомнам еве дека тој проект, односно овој проект е финансиран од Владата на Р. Македонија, но да не заборавиме дека како што претходно кажа претходно колегата Златевски дека Владата мора да финансира и Владата има обврска да ги финансира општините, а Владата финансира таму каде што има визија, каде што има реално доставено и апликација нели за проекти така да сигурно Владата не дошла тука и не рекла ние тука ќе изградиме сега спортска сала или детска градинка или било што без иницијатива од Локална Самоуправа, без иницијатива од Градоначалник и Совет на општина како што е случајот со нашата општина. Имаме тука исто така изградба на спортска сала во ООУ Димката Ангелов Габерот во село Ваташа, каде што и ова училиште нели доби конечно спортска сала и целосно овој проект е финансиран од буџетот на Општина Кавадарци. Имаме

реконструкција на ООУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци, подрачно училиште во село Сопот, комплетна реконструкција на ООУ Страшо Пинџур, подрачно училиште во село Возарци, исто така имаме нели нова детска градинка која што е во склоп со детската градинка Рада Поцева, т.е. објектот Сонце каде што е проширен капацитетот сместувачки за децата од нашата општина, исто така овој проект е финансиран од МОН во соработка со Локалната Самоуправа, имаме исто така важен проект изградба на капела на муслиманските гробишта во Кавадарци, реконструкција на улица Зелен пазар, исто така и во функција е пуштена Петтата Мини Хидроцентрала на ситемот Лукар, да не читам значи тука има уште голем број на проекти кои што се реализирани, сите од советниците го имате овој отчет, така да треба како Совет и како советници без разлика кој од која опција доаѓа и припаѓа да бидеме горди на она што во овие 4 години и првата година од вториот мандат се е изградено и се надевам ќе продолжиме во такво темпо и ќе работиме во интерес на граѓаните, за наше добро. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам повели Горан Кузманов.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, администрација, медиуми, граѓани. Земав збор за да дадам свое објаснување во однос на образложението за кварталниот износ, односно третиот квартал за буџетот на Општина Кавадарци. Како што гледаме стварно позитивни бројки и сметам дека ниту една општина со ваков отчет и ваква реализација не може да се пофали. Значи тука имаме капитални проекти и секојдневни проблеми што му се решаваат на граѓаните. Значи во однос на буџетот сакам да кажам дека реализацијата на приходниот дел од 850 000 000 денари во однос 1 149000 000 денари е добра реализација односно 73,94% и каде што приходниот дел, односно Општината успеала да ги оприходува средствата што и се планирани. Во делот на расходниот дел значи најимпозантни и најбитни спрема мене бројки кои се за интерес на граѓаните се прво треба да видиме дека во износ од планираните од 4 000 000 денари за социјални бенефиции, односно за најранливите категории Општината со самиот трет квартал го реализирала максимално тој износ и затоа и сега има и Амандман со ребаланс каде што дополнителни средства, значи помагаме таму каде што е најпотребно. Во однос на капиталните расходи можеме

да видиме дека реализацијата е стварно голема бројка односно износ од 72,18%, реализација во износ од 223 000 000 денари. Значи јас нема да го повторувам претходниот колега Тони. Значи самиот отчет ги кажува големите реконструкции кои што ги изведила Општина Кавадарци, односно тоа се знаеме Бел Камен, Западен Булевар, Домовица, значи спрема Киро Крстев новиот булевар, значи улици што само можело да ги замислиме, а ни моментално ги реализираме. Во однос на претходно колегите од СДСМ што спомнаа дека Владата само на СДСМ вложува чисто само за потсетување да ве потсетам од Кавадарци до Мушов Гроб патот го реализира Владата на ВМРО ДПМНЕ во износ од 16 км и ширина на патот од 6 м, во однос Кавадарци Ресава пат од 6 км го реализира Владата на ВМРО ДПМНЕ, во однос на спортските сали каде што ги спомнавме салата во Средното Спортско Училиште Ѓорче Петров, салата во Димката Ангелов Габерот и ред други проекти Владата на ВМРО ДПМНЕ реализираше и инвестираше во Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Реплика или. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Јас како советник кој што доаѓа од МЗ Задругар имам едно конкретно прашање кога веќе го отворивме отчетот. Во отчетот имаме дури и прикачена фотографија од нова водоводна линија на улица 41 –ва Девизија и дел од улица Црноречка. Моето прашање е кога ќе се заврши изградбата конечно на оваа улица затоа што почната е веќе и се прави 3 месеци и во екот на земјоделските активности, односно активностите поврзани со лозарството луѓето пошто мнозинството имаат и механизација отежнато ги обавуваа секојдневните активности и сеуште имаат проблем. Значи кога таа ќе се заврши. Затоа што среќна околност е досега што месец октомври издржа да не е како класичен есенски месец, па да има многу дождови и тоа можеби ги спасува работите, но временски веќе 3 месеци оваа улица мора да се заврши.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник,Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, присутни. Ова што е направено за една година е ставено на повеќе од 30 страни 40. Нека биде и вака не е битно . Значи некои не може овоа да го напишат што го сработиме. Далеку сме од тоа дека не е

сработено, дека не се направени капитални инвестиции, меѓутоа испровоциран од страна на колегата дека. Не онака. Испровоциран во позитивна смисла на разговор. Потикнат нека биде, извини ако сум грешка изразен. Значи кога ја гледаш Предизборната програма на ВМРО ДПМНЕ и Градоначалниците на ВМРО ДПМНЕ добро е да ја земиш и да ја прегледаш Програмата на СДСМ со која што ги доби Парламентарните избори. Беше ветен модерен клинички центар. Нема ништо. Патот кој што беше предвиден да се реконструира од Скопје, од Петровец до патарината 5 години стои нереконструиран. Не во ред сакам да ти кажам, значи кога збориме за листање на предизборни кампањи јас сакам да ја прегледаш Предизборната кампања на СДСМ за ова. Добро. Значи кога станува збор за неспособноста на Владата мораме да прекиниме така, а кога збориме дека од Владата се доделени средства во Општина Кавадарци тогаш мораме да се китиме. Никогаш немојте колега само добрите страни да ги зимате, земете и тоа што не сте го сработиле во животот ставете го на тацна и тогаш можеме да кажиме дали е успешен овој очет или не е успешен. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Друг за збор. Градоначалник. Се извинувам повели Ристе па Градоначалникот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги нема да бидам долг, ќе биде кратко. Сакам да проговорам нешто за патот за Радња, тоа е негова инцијатива, инцијатива на мој бивш колега Ташо Радњански, го контактрав вика Во нашиот мандат патот за Радња не успеавме да направиме, имал некој договор со Градоначалникот и мислам дека имаше една процедура сакаше нешто да работат, а не е довршено, значи јавноста и овие од Радња сакат да слушнат кога тоа ќе се заврши, дали до паѓањето на снег ќе има некоја количина тампон или незнам таму што, дали ќе успееме тоа да го реализираме. Значи и тоа е некој дел од самиот извештај што се дискутирало. А на крајот на годината ќе видиме колку е реализирано, нереализирано..Значи прашањето е до Градоначалникот. По иницијатива на бивш мој колега од Радња и граѓаните од Радња тие сакат да доаѓаат кај Градоначалникот да го прашуваат и ме замолија мене јас да прашам до каде е со таа работа. Толку од мене.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака тука сте напишале во Изборната програма капитални инвестиции и најодоздоле има гарантираме дека овоа ќе се оствaре. Значи кога се цене успешноста на одредена програма треба да се цене она што е најбитниот момент и со овие проекти највише сте се промовирале во изборните

кампањи и сте ги нуделе пред граѓаните на Општина Кавадарци пред се. Со овие проекти.Не со други. Не, значи се расправа реализација на Квартален извештај кај што се вика дека има висока реализација на капитални инвестиции. Јас ве прашувам кога планирате, како планирате овие работи да ги реализирате за да знаат граѓаните да не бидат и они во заблуда. Заради тоа што минатата година се ветува едно, излеваме на отчет презентираме друго, презентираме проекти, кои што прва работа се на централна власт, втора работа се ветувани во претходни изборни програми. Градскиот пазар јас не знаев дека сте го ветиле минатата година. Ок не е. Тони Нешковски го спомна сега. Го спомна. Па не го пише, тоа го кажувам, а во отчетот ги презентирате проектите кои што од претходниот пат сте ги реализирале. Ајде брзо. И друга работа само. Во однос на реализација на проекти на централната власт погледни ги реализираните проекти, види од кој се реализирани и направи си споредба со претходно 10 години. Зошто сега може централната власт да враќа во општината толку, колку што враќа, а зошто претходно не можела. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега или не си ме разбрал или не си ме слушал во мојот говор, кога кажав за Градскиот пазар кажав проект кој што е отпочнат претходно, а сега во првата година од новиот мандат е дозавршен. Кога станува збор за другите капитални инвестиции, зборувате цело време за програма на ВМРО ДПМНЕ. Програма кога се оде нели на локални или на праламентарни избори се носи, се презентира програмата пред самите граѓани и таа програма има рок на реализација нели до 4 години. Сега сме уште завршеток на првата година односно заврши првата година од мандатот така да имаме рок уште 3 години и мислам дека не треба тука да се напаѓаме да кажувам дека не е реализирано нешто. Тоа може да видиме на крај на мандатот колку и што е реализирано. Ама со ова темпо што го гледам сега и со овој отчет од првата година ве уверувам дека за рок од година до две, значи максимум за 3 години ќе биде реализирана целата програма. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани директори, службеници, почитувани мои сограѓани. Пред се да се заблагодарам на еве дискусијата која што се отвори во однос на отчетот и вака мило ми е што ви даде мотивација за да зборувате за неа. Значи сте го прателе отчетот, сте го слушнале и добро сте извадиле од отчетот што е завршено,

што не е, што е добра работа. Инаку содржаен беше и така да имаме честитки од многу мои колеги, ваши сопартијци, мои сопартијци кои што викат Браво продолжи вака, нема добар како тебе во Македонија. Јас тоа вака не го зимам за право за да се надоврзувам самиот себе и да се фалам, него го зимам за мотивација за повеќе да работам. Во делот советникот Манев што ја спомна улицата 41-ва Дивизија,станува збор за 20 годишен комплексен проблем кој што го имаа твоите сограѓани во делот на поплавувањето при обилни дождови, од канализационата мрежа, од водоводната мрежа. Да, беше комплексно за работа затоа што беше каскадно во делот на едната и другата улица. Изведувачот сериозно пристапи кон тоа и трајно ќе биде решен тој проблем во делот на канализационата мрежа и водоводна. Во моментот улицата се спрема за асфалтирање и очекувам за една недела да биде комплетно асфалтирана и завршена цела улица. Во делот на советникот Ристо Сакалиев што го спомна за Радња. Да од наредната недела ќе почниме со тампонирање накај Радња и оној најкритичен дел кој што треба да го завршиме ќе го завршиме. Дај боже да успееме понатаки заедно со подршка и од локална и од централна власт тие таквите рурални средини да трајно ги решиме со асфалтирање, а мислам дека со влегување во препристапните фондови во ЕУ и во другите фондови дека ќе имаме можности да правиме проекти. Општина Кавадарци во моментот праве 60 проекти. 60 проекти ги правиме институционално што ЈП Комуналец , што Општината не за овој мандат него за наредните 10 години развојно да се развиваме во делот на инфраструктурата, поготово во руралните средини, селата и она што значи капитални објекти. Во делот на советникот Вуко што добро ја елаборирал и отчетно програмата точно е дека тоа што е ставено во програмата јас заспивам и се будам со мојата програма. Таа изгледаше вака. Тука не спомна едно, дека на првата страница беше г-динот Мицковски кој што го спомна и на прес конференција. Да, да го има.После пак јас доаѓам итн. иде програмата со капитални објекти која што треба да ја направиме. Верувајте дека тоа што пишува тука гарантирам, јас лично гарантирам здрави, живи со околностите кои што ќе ги имаме и на републичко и на европско и светско ниво, а поготово на локално дека се што е напишано и ставено тука ќе се оствари. Нема да ги изневериме граѓаните. Тоа сум го кажал и во првиот мандат и сега ќе го кажам. Не сум дојден за да лажам, затоа што мислам да живеам во вија град, живеам во вија град , творам, сум створил и

моите претходници, а и моите деца сакам да останат тука и сакам да испаднам со бел образ било кога на улица или било каде. Ништо немаме ставено нереално во програмата, ништо немаме ставено на памет, сето е добро елаборирано, скоцкано и направено. Јас во мојата предизборна програма ако добро сте ја гледале секаде во секоја инвестиција кај што е ставена капитална, ниту тогаш сум се срамел во предизборна кампања, ниту сега се срамам да кажам дека капиталните објекти кои што се ставени пр. проширување Дреново накај Кавадарци со трета лента од капелата до Југо Комерц, затоа што е регионален пат и тука мора и државата да учествува и Општината, инвеститор секаде пишува инвеститор во мојата програма, Општина Кавадарци заедно со ЈПДП никаде не е прерипано тоа што треба да се ставе. Исто тоа се случува и во затворениот базен, кој што не го спомнавте дека не е реализиран, а е ставен во мојата програма, е ставен инвеститор Агенција за млади и спорт. Ми ја спомнавте заобиколницата г-дине советник не можам јас ниту, ниту вие да изградиме заобиколница на регионално ниво. Регионално ниво може да изграде само државата, на барање на Општината со подршка од Општината. Тоа е надвор од Генерален план. Тоа е за транзит на возилата, тешките товарни возила на транзит од Општина Кавадарци и таа заобиколница Маренски уши и Дрекслмајер, Југо Комерц и од Југо Комерц до Катуниште е ставено во пет предизборни ваши програми и потсетете се малку на ваши снимки и од г-динот Заев и од овој премиер и од Даниела како советник, пратеник и од Панчо Минов како пратеник со давани изјави за градење на заобиколница, на градење на Граничен премин Пуљевац, на реконструкција на патот Мрежичко Мајдан . Тоа ниту е лага, ниту не е невистина. Проверлива работа. И кај мене во програма пише во соработка со Влада и Министерство за транспорт и врски. Сите работи кои што се изведени до денеска, на почетокот на оваа година и на носење на буџетот лани истите вие ги критикувавте тие нереален буџет, дека ова се нереални капитални инвестиции, нереални работи што не можат да се остварат . Еве се остварија и сега викате малку е срамота. Сега не знам на кого да верувам дали на тебе пред 9 месеци или сега после 9 месеци . Значи истиот си тија кој што викаше дека ова е нереална програма. 85 % имаме завршување на програмата за трет квартал. Од 150 000 000 долг одбиј 140 како што кажуваш е намален на 28 и 87 000 000 денара Општина Кавадарци има оперативни пари на сметка. Е што да направиме повеќе. Кешки да

можев ова за себе да го направам. Го направивме за граѓаните на Општина Кавадарци. Не е тајна го знаете добро. Нормално е да негирате, критикувате дека може повеќе. Може повеќе. И јас на моите деца му викам така дома. Повеќе можете. И нормално со тоаги мотивирам, ама твојата мотивација е добра само немој да ја деградираш работењето, пред се моето, пред се јас сум политичка личност, фигура која што работе. Немој да го деградирате работењето на јавната администрација, работењето на луѓето во јавните претпријатија, работењето на советниците, работењето на сите чинители за да стигниме до тука. Па немаме ден да немаме настан. Новинарите веќе по два пара батерии купија со камерите, не можат да не пратат. Секој ден имаме настан и настани од капитално значење на Општина Кавадарци. Дестилеријата не знаеме кој пат да го фаниме. Јас зборувам 5 години и секаде ставам и во програмата ми е ставено во соработка со Влада. Не може јас сам да направам дестилерија кога тука е врзано со акциза, врзано со царина, врзано со УЈП. Тоа е комплексна работа. Значи мораме заедничка стратешка одлука во интерес на земјоделието да ја донесиме, не во интерес мој, а инаку 95% и вашата програма и мојата предизборна програма беа малтене исти. Не донесовме сателитски брод во Кавадарци, него ги гледаме кои се реалните потреби еве ги на г-динот Јован, реалните потреби на граѓаните. Значи добро сме ги согледале сите реалните потреби на граѓаните. Е сега кај кој има поголема доверие граѓаните на тие му дадоа власт да ја спроведуваат програмата. Тоа беше ВМРО ДПМНЕ и Митко Јанчев и нема да се посрамотиме, ќе го изгарантираме тоа и ќе го направиме. Сакам да ти потенцирам и да ти кажам поготово за реконструкцијата на атмосферската канализација во градот во предизборната програма 2,5 000 000 евра во соработка со КВФ Банка и Министерство за транспорт и врски. Она што го гледате и го критикувате дека е раскопан центарот. Тоа е проект кој што се остварува на 60 години еднаш. Зошто не го земите фактот дека од улица Вишешница, Мито Хаџи Василев Јасмин, 7 септември до пред 5 месеци имаа неподнослива миризба, се поплавуваа истите луѓе, немаа атмосферска канализација. Имаа измешана канализација со фекалии и немаа сооодветно водооснабдување затоа што имаа стара линија од 60 години. Макотрпен проект. Јас го најавив проектот, го најави проектот директорот на КВФ Банка, го најави проектот Министерството за транспорт, дека тоа се огромни проекти и повикавме уште тогаш да граѓаните бидат стрпливи на проектот кој

што треба да го сработиме. 7-ми Септември е завршена, Мито Хаџи Василев ќе заврши за 20 дена, продолжуваме со Вишешница. Таа е најосетливата категорија на работа. Другите се поперифериски и нема да ни бидат толку проблематични. Како што критикувате на пресот се трошат народни пари да се извадe асфалтот. Не бе. Тоа е грант што некој го одобрил и кажал дека ова да треба да се сработе, не се народни пари, се пари на некој што ги дал, грант, ама не ги трошиме узалудно, ги трошиме за после 60 години и после 50 да луѓето функционират добро. Старечкиот Дом ние сме веќе во корелација и кординација со МТСП. Од наша страна има направено комисија, 4 состаноци се одржани. ДУП е во Министерство. Се работе на проект на програма која што е завршена. Со 80 легла ќе биде нашиот старечки дом по препораки на министерството, ни дадоа насоки како да го проектираме и сме усогласени во 23-та да го ставиме во програма. Значи во наредниот буџет кога ќе го носиме во програма ќе биде ставен старечкиот дом. Домот за деца со посебни потреби исто во наредната програма ќе ти биде ставен затоа што правиме усогласување за земјиштето во Општа болница со Здравствен дом за градежната дозвола. Не работиме ние без градежна дозвола. 7 месеци ја чекаме таа процедура за да се заврше градежната дозвола. Стационарот за кучиња, одобрен проект од Швајцарците, 19 000 000 грант. Во 22-ра према 23-та ќе ти биде ставен во Програмата за изградба комунална, 3 спортски сали односно 4, Сопот, Марена, Возарци и Дреново ќе ти бидат исто ставени во наредната програма, за 23-та година за изработка. Исто во делот на градинките Сопот и Дреново, изградба на 2 градинки, односно адаптација на два простори постоечки, со комплетна реконструкција во детски градинки. Не заборавајте дека оваа година се почнаа 3 проекти што Кавадарчани ги чекаа 40 години. Можеме заедно да се прошетаме и да видете што се случува. Во претходниот мандат го реализиравме Западен Булевар, од капелата до Коњските Дупки или Кавадаречки Дол, сега од Кавадаречки Дол до Желков Дол ти е комплетно завршен. 40 години проект кој што го чекаме и сите краци кои што доаѓаат од него се завршени, со атмосферска канализација, улично осветлување и комплетно асфалтирање и наспроти тоа е пробиен кракот од Ресавска до Југо Комерц кој што 50 години го збореа. Улица Лазо Асијата сте оделе по кампања знаете што значи Лазо Асијата. Од Клинска над турските гробишта излегува на улица Миов ми се чине во ДУП Дисанска, отпочната за работа лични пари

на Општина Кавадарци, едната е 25 000 000 денара, другата е 24. Западен Булевар завршен. Лазо Асијата ќе биде до февруари и трета клучна улица, не е ова улица, ова се булевари што го зборам цело време, со должина од над километар се сите. Тоа ти е од 25-ти Мај до Младост односно Његош улицата да се врзе. Страшни, крупни проекти што сум разговарал и со мои претходници, градоначалници, сум разговарал и со населението кое што не им е верно дека тоа ќе го направиме, се прави и е завршена работа за мене. Програмата која што ја кажавте ова не е завршено, ова не е. Да точно не е завршено. Чекај 23-та сега ќе ви ги дадиме да ги гласате на буџет, ќе бидат капитална инвестиција. Јас мислам да не се збуни ти дека ќе си одам. Не, не си одам. Ова беше очет за година дена сработено. Точно за година. 3 години се пред нас. Какво одење бе човек. А бе додека не завршам ова што е наведено, гарантирам не мрдам, ќе се заврши се. Финансиската кондиција ни е одлична. Да не се подречиме. Фотоволтаици поставени. А бе и тие коментирај ги, со Бирото за регионален развој значи секаде е напишано тоа што го инвеститирам со кој го инвестираме, со кој го делиме како коинвестиција и не го негираме тоа сето и за возврат на тоа ние добиваме средства на проекти. Не сме само ние кое добиваме проекти. Нема општина што не добива проекти. На Арачиново Владата и даде 500 000 евра. За нешто. Не знам за што. Владата дава секаде и треба да дава. Нормална работа. Остајте ја 2017-та, 2016-та , 2015-та . Заврши тоа. 22-ра, 23-та иде. Ти си млад политичар. Помлад си и од мене, сега активен и треба да гледаш напред, а не 2017-та да ми ја зборуваш. Малолетен беше тогаш. Е како не беше тука меѓу полнолетност. Не зафркавајте 2017-та, 2016-та. Гледај напред. Дај да оставиме за луѓето тоа што требе. Да изградиме иднина, да иствориме тука како Совет , како заедништво. Мене ми е баш мило советникот Јован што ја прифана поканата и вие да ја прифаневте поканата, да дојдите да застанете. Не сум јас егоист. Митко Јанчев да застане сам на говорницата, да каже отчет, јас направив ова, не, сите раководители на сектор, кординатори на советничка група, политички партии. Дојдете повелете ова е заеднички проект. Нема мене да ми се пишува титула заедничка, само на мене, туку на сите вас. Во делот на она што имаме сработено, а не е ставено во програмата. Имаме 30 проекти такви. Ми викаш тротоарчиња, уличиња, канализациња и такви работи. Не бре. Дрва на патот, комплетно реконструирано, Брушани 600 нови приклучоци. ТАВ програмата, еве го пак ТАВ програмата. Да од

ТАВ програмата пари на народот на Р.Македонија кои што Владата ги рефундира според број на жители. Проекти. Не е на Владата, проектот е наш Владата го финансира преку ТАВ програмата. Да. Ама сега вие сакате да кажите ако има незнам една мајка две деца близнаци, јас мислам дека исто ќе ги гледа. Така и Владата. Значи по број на жители мора да ни ги рефундира средствата. Е сега ќе земат 60 000 000 евра грант од Светска Банка за канализации и за водовод. Спремаме проекти. По број на жители ќе ги вратат назад. Тоа е тоа етаблирање што треба да се работе. Можеби претходната Влада имала повеќе насоки во делот на спортот, повеќе насоки во нешто друго. Сега значи одиме на инфраструктура. Граничен премин. Дај бре тука да се заземиме. Ете ги и пратениците. Ние сме во секојдневна комуникација и со нашите пратеници и со вашите пратеници и не ги викам јас ваши и наши кога му се јавувам, него дај да ја завршиме оваа работа. Дај да се избориме да го исплатат мрзнењето на земјоделците во Кавадарци. Проектот таков, ваков 5 месеци е поминат проектот уште не е ставен на тема за исплата. Мора тоа да се заземиме. Уште Кавадарци и Неготино не се исплатени. Ако земиме како развојна општина еден добар податок би ти дал да го земиш од г-ѓа Цанка, јас ја викам министер за финансии, она е раководител на секторот за финансии да ти го даде капиталот на Општина Кавадарци 2017-та, 22-ра. Колку пати е зголемен капиталот. Тија капитал е на граѓаните. И идните проекти кои што ги имаме во делот на инфраструктура е до комплетно завршување. Спомнавте една работа и рековте 3D кино. Тоа не е завршено. Не е, точно е. И не е отпочнато. И во 23-та нема да го ставам и неколку такви работи. Знаете зошто. Препорака на Влада беше. Имав јас 3 000 000 денара реконструкција на Општинска зграда и тоа го тргнав. Значи тие работи Владата што ни препорача, а и ние гледаме дека е економска криза и енергетска и не се продуктивни проекти во делот на секојдневието, ние ги извадовме уште на претходниот ребаланс кога го правевме. Тоа ние препорака што треба да ја направиме. Како што сега имаме препорака и за штедење, препораки за ова, за она. Значи Владата не може да нареде на општините на Локалната Самоуправа, ама дава препораки, а препораките покрај тоа што ние ги следиме и ние ги анализираме со нашиот економски тим, со нашите стручни соработници. Прва општина што продадовме градежно земјиште за 50mw фотоволтаици. Сега почнуваат да ги работат фотоволтаиците другите општини. Прва општина што постави фотоволтаици на

кровни конструкции. Во една случајност од ВИС Телевизија ми се чине дека беше, штипска, неочекувано, јас мислев овие од Левица се полоши од вас, испаднаа поарни. Советник на Левица зборува за Кавадарци во Штип и вика Кавадарци е 4 000 000 години светлосни повеќе напред од другите општини. Јас викам верно ли е ова, некоја монтажа да не е. Ќе ти ја пуштам после снимката изгледај ја. И сега ти викаш Кавадарци е назад од Штип. Не беше Круме бе, друг советник од Штип. Не знам дали Круме го има видено тоа. Сакам да ти кажам тоа што е добро не можеш да го критикуваш. Нормално, млад си. Давај идеи, ќе те послушам, ако си помлад. Вие сте партија. Се што е добро верувам дека и мојата матична партија ќе го прифане за да направиме подобро за Општина Кавадарци. 23-та ќе имаме капитални проекти многу големи и ќе бидат развојни 23-та, 24-та, ставени во делот на програмата на развојот. Во моментот се работат такви развојни проекти 3, коишто ги спомнав Западен Булевар, Лазо Асијата и 25-ти Мај. Се работат 20 детски неопходни игралишта во села, во рурални средини и сите. Го направивме колекторот. За селата ме критикуваш дека нема направено ништо. Не е точно. Колектор направен во село Возарци, во село Бохула асфалтирано некаде околу 800 м, село Бојанчиште, Крњево и ми се чине дека беше Бошава потпорен ѕид, канализационен систем ., Раец имавме асфалтирање. Значи немаме село што сме го заборавиле, Сопот претходно комплетна реконструкција на водовод и канализација, сега асфалтираме улица. Школите занеш зошто успеавме сите школи да ги изреновираме.Имаме школи одлични. Еве оти не ме пофалиш и не се пофалиш сам, 5 000 000 денара сега дадовме за реконструкција на дворот на Страшо Пинџур. Вие ги изгласавте, ние ги спроведивме и ги направивме. 5 000 000 денара. А бе порано тука кога седеме на Совет за 5 000 000 денара кога ќе спомнат нозите му се треселе бе. Сега ние почнааме вие милионите така да си ги зборуваме. 180 000 000 денара беше основен буџет на Општина Кавадарци 2018-та. Сега е 500. Тоа е реалноста. Значи бројките не може да ги лажирам или да ги правам. Ти кога збореше во јануари месец дека Општината е презадолжена, јас две недели не спиев. Да мене ми теже.Еве нека биде и така. Така нека биде. Со твоето зборење Дедо Мраз дојде и пари донеси. Тинк. Вуко го слушнаме и ајде сега да направиме. Да беше ситуацијата од страна кога ја гледаш делумно загрижувачка и јас реков тогаш средно задолжена општина , не високо задолжена, ако се сеќеваш на муабетот, сега сме незадолжена општина, него имаме вишок на

средства за оваа година и ти реков почекај не брзај до крајот на годината ќе биде работата и имаме план и идеја што да правиме. Граѓаните да си спијат спокојно, да си ја бркат својата работа, да не следат, да веруват во Митко Јанчев гарантираме заедно со ВМРО ДММНЕ и со соработниците дека ќе ја исполниме програмата побрзо од завршување на мандатот. Мандатот ни е до 25-та година први ноември затоа што и тогаш ми е роденден и утре ми е роденден. Еве ако сакаш да ми го честиташ, ќе ти кажам уште сега и ќе биде завршено сите капитални проекти. Напротив од тоа морате сите лично да се заблагодариме на добриот тим што го имаме за работа и како советници и како јавни претпријатија, а пред се и како раководители на сектори во Општина Кавадарци, кои што заедно со нас не пратат и успеавме да ја пуштиме во функција Петтата Мини Хидроцентрала кога луѓето не очекуваа ништо со струјата и да изградиме 200 kw фотоволтаици за производство на ел. енергија што денеска тоа е како да ти паднало бинго во делот на производство на електрична енергија. Мислам дека движиме во прав правец. Сигурен сум во тоа што го правиме. Можам после само една копија да ти направам од програмата да видиш дека. Не ова го немаш. Мојот дел го немаш кај што се е во оваа година штиклирано, датум правено. Значи јас го гледам ова секојдневно. Тоа ми е работа. Не одам надвор од тоа. И во програмата убаво рече и Нешковски во секој проект пишува рок на реализација 21-ва, 25-та, значи рок на реализација во мандат нормално според приоритетите и она што ние ќе го добиеме. Еве од кај знаеме дека беше енергетска криза, ковид беше 2 години. Тоа никој не може да го предвиде, али во цела таа ситуација ние сме во топ, топ, одлична кондиција благодарение на транспарентното, отчетното работење и на максималната подршка од сите меѓународни фактори и амбасади и се и нормално со подршка од Владата која што ја имаме во делот на она што значат капитални проекти и проекти кај што може Владата да учествува назад да врате во општините. Тоа не може да го негираме, али тоа треба да ни биде благодет на сите Кавадарчани. Кавадарчани нема да ги делиме на такви и вакви, си ги делиме само на наши сограѓани и еве да го напомнам и ова пошто имаме доста реакции во делот на јавниот превоз, толку дојде скап животот со јавен превоз за сите и тука пак сме ја погодиле работата на време, сме распишале тендер мислам дека е во завршна фаза за купувањето на петте нови автобуси и

пуштањето во функција на постоечките 4 за да нашите сограѓани и од Кавадарци и од селото и од руралните средини патуваат основно за нивните потреби со симболично евтини карти, пошто верувајте дека таксито и јавниот превоз дојде веќе луксуз на цена од 100, 120 денари гориво. Така да немаме некои драстични промашувања во нешто што може да се критикуваме. Нормално секогаш може подобро, а твојата мотивација во тоа дека може подобро, јас ја прифаќам и ќе бидам подобар. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалниче. Повели кратка реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака. Кажа Градоначалник многу работи. Прво сакаш да ме дискредитираш со тоа што е млад. дете, као демек не разбира ништо. Таа е идејата на тие квалификации, меѓутоа граѓаните ценат кој, како работе и придонесува во овој Совет. Втора работа во делот на задолженоста на Општината, Општината ги има намалено доспеаните, а не платените обврски кои што беа 138 000 000 и ние алармиравме постојано дека тоа е превисок долг према компаниите кои што е ненаплатен. Од друга страна кредитите си стојат и си се отплаќат и понатаму, меѓутоа состојбата кај кредитите не нешто којзнае колкудрастично променета, меѓутоа тоа наше апелирање да кажам дека Општината е презадолжена, јас верувам дека придонело до тоа да внимавате и да почните да ги исплаќате тие фактури, односно долгови кои што не биле пратени, платени. Трета работа во делот на асфалтирањето колку што се сеќавам јас улица 7-ми Септември беше асфалтирана 2019-та година. Така ли. 2019-та година е 7-ми Септември асфалтирана.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да те дополнам. 7 –ми Септемви и Мито Хаџи Василев Јасмин со Светска Банка кога го вршевме комплетното асфалтирање на Западен Булевар, Северен Булевар, Булевар Минчев и ред други булевари, едната коловозна лента кај што се движат возилата, пошто двете се едносмерни, не беа асфалтирани, беа со 2 см слој нанесени за да не крпиме. По пресметката на Светската Банка излезе дека крпењето на двете улици Мито Хаџи Василев Јасмин и 7-ми Септември, условно зборам ќе не коштат 3 000 000 денара, а со поставувањето на 2 см освежување на коловозната лента, една коловозна лента ќе не кошта 3 500 000 така, ама немаше никаква улога, односно никаква фрка да ја крпиме, него излезе дека ја поминавме со 2 см асфалт за после 3 години да се одобре проектот, оти проектот може да се одобре и после 4, после 5. Тоа беше цела работа. Значи 2 см

освежување на асфалтот без гребење, без ништо освен емулзија и само коловозната лента од Мито Хаџи Василев Јасмин до 7-ми Септември портокалот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи јасно во вашата страна гледам дека 2019-та или 2018-та исправите ме ако грешам точно за годината меѓутоа таа улица е асфалтирана и сега го правиме, пак ја копаме, инфраструктурно подобруваме водоводна, атмосферска канализација и пак асфалтираме наново,а истата улица сме ја асфалтирале пред 3 години. За оваа првата сте трошеле. За првата сте трошеле. Трета работа. Може ли да не ме прекинувате. Друга работа во однос на проектите Градоначалник значи доаѓаме на оноа што јас го сметам дека е клучна работа. Ти спомна пратениците ветувале одредени проекти незнам дали ги имат ветено тие проекти. Искрено не се сеќавам. Ок, во ред.Еве и да речиме дека ги имат ветено тие како проекти. Тоа се проекти, меѓутоа они се кандидират на парламентарни избори, кај што утре се гласа ново мнозинство и се гласа за нова Влада што е легитимно да тогаш предлагаш проект којшто утре ти можеш да го решаваш. Овака излева јас си правам програма, си правам проекти, па ако успеам да ги реализирам јас си ги препишувам заслугите, а ако не, ја фрлам вината на другата страна и така функционирате како градоначалници на ВМРО гледам на ниво на цела Македонија веќе. Точно е. Па сега спомна. Грешка си. Значи патиштата.Добро сега да не мешаме приватни релации. Значи кога се парламентарни избори можеш да ветуваш проекти каде што ти можеш да ги реализираш. Овоа ми изгледа мене како магла. Им пуштаме на граѓаните магла, со одредени проекти, па ако ги реализираме супер успешни сме, ако не ги реализираме централнта власт е крива и тоа е моделот по кој што функционират сите градоначалници на ВМРО ДПМНЕ . И последна работа Градоначалник отчет си направиме и ние. Не видов дека бевте присутни на истиот и еве за нареден пат имате слободно отворена покана да дојдите, во нашите партиски простории. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас благодарам за поканата и за отчетот. Ама зошто сега во партиски простории ме каниш.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може и тука да го направиме. Пред Општина.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник нејќев да излегувам сакав од место да ве прашам, ама од одговорот ваш ептен сум незадоволен, на партиски прашања еден саат се одговара, се додворуваат едни на други, а овие независни или трета страна од

понеделник натаки. Така ми речи другата недела. На советник што е прв мандат да не спомнав Вуке дојдеи овој Тасев се помлади, можиш таков одговор да му дадиш и она ќе верува дете е ќе го лажиш. Вуке да не биде Филип, помлади советници што треба да имате кариера и да одите напред. Мислев позитивно. Ајде Тони нека биде, нека го овој Тасев. Тони. Постар, али имаш надеж, имаш години да одиш во политика напред .Градоначалнику за мене одговор. Пошто јас и ти, 4 години ова истото го бараше Радњански и го лажевме одгодина, понеделник. Двајцата заедно. Тој ја ставаше таа точка, ние секогаш го свикавме во понеделник , па во пролет, па во есен, па другата есен. Барем кога јас прашувам, во интерес на граѓаните и на бившиот колега советник, одговорот за мене понеделник е недобар. А знаеш каков одговор сакам. Ристо еве тендерска постапка, воведувам во работа фирма Трасер и она од понеделник ќе оде на работа. Ако ги видам тие книги да ги покажиш овде на камера, јас ќе ги лажам до пролет. После твојот говор ќе излезам јас на медиуми, ќе кажам кално е снег ќе паѓа, еве изведувач, еве склучен договор, еве воведен во работа и Градоначалникот ќе го одложе за на пролет. Нешто такво да видиме можеме или не. Тоа е одговор за мене .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве г-дине Ристо Сакалиев во понеделник на патниот правец од Бохула до Радња ќе има булдужер, три камиони и теге од фирмата ЈА-МИ донација и ќе го работат континиуирано. Во понеделник во 8 почнуваат.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ние не збориме Градоначалник за донација. Јас секој Совет сум се заблагодарувал на ЈА-МИ и Кожувчанка како донатори. Тука ние имаме гласано програма општинска и државни пари и со ЈА-МИ тебе да те товарам со 1 000 000, мислам дека беше инвестиција ќе ме колниш и после 100 години. Не сакам да ми правиш трошок за професорот Ташо Радњански или за Радњани. Гласаните буџетски пари постапка да направиме, да ја спроведиме Градоначалник ако 5 години лажиме, 6-та да го направиме и одгодина да го направиме не е касно. Ние сега после 20 дена треба да чистиме снег за Радња, најверојатно. Високо е и сега ти ме лажиш мене дека ќе го тампонираш со приватни пари. Кој ти чепка за приватни пари и ако правиш тампонирање со приватни пари ќе ти бидам дужен цел живот. Па кренато ми е нивото јас. Претседателе мојот максимум е толку сега ќе извиниш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Со целот респект кон тебе и кон институцијата што си ја правел. Ниту Митко ги дава, ниту. Треба да функционираме на тоа прашање.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ама таков одговор не ми се свиѓа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Ами добро што треба, на писмено.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ама на крај краева можеше на советнички прашања. Ова прашање е надвор од.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:Надвор, имам притисок од професоро и не можам да одам кај него на кафе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Со целиот респек кон нашиот претходен колега советник.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ама имавме ние постапка. Претседател немој место Градоначалник да одговараш . Не си Градоначалник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ама еве Градоначалникот ти одговори сега.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не он не може да ми одговоре . Како ќе ми одговоре.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ќе нема крај. После ќе му текне на некој друг да поставе прашање и.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседтеле ако може он да одговоре ќе ми одговоре.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ; Ами ти одговори човекот .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Имам идеја.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ти сега сакаш.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не сега вака ќе направиме. Програмата кога ќе ја правиме за 23-та година, нормално сите како советници ќе учествувате во таа програма..И еве ова нека биде еден дел од програмата.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Така се слагам, ама ти треба да кажиш дека ланиските. Ама сакам да кажиш дека.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ќе прифатиме дека патот за тампонирање од Бохула до Радња.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИВ: Со 1 000 000 колку што одговара.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Може 1 500 000 ќе треба, не знам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Нека биде 1 000 000 .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Абе нека биде. Нека си направат пресметки инжинерите, ќе кажат.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не да му речиме пошто лани ве лажевме, сега истиот 1 000 000, наредна година барем да веруваат, точна цифра е, инаку нема да веруваат 1 500 000 нема да најде Градоначалник .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама немај гајле ти за тоа .

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Значи оваа година нема да биде.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да го ставиме во програма.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Да го ставиме, ова пропадна се. Овој одговор Градоначалник сега ми се свиѓа и го прифаќам, а претходно дека ќе пуштиме камион таму да седе и да го сликат граѓаните, да ни се смеат и да те одговараат и тебе и мене или некој друг не. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници бидејќи е исцрпена првата точка од дневниот ред, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 12 . Кој е против. Кој е воздржан.Со тоа е усвоена првата точка за Кварталниот извештај и извршување Општина Кавадарци за 2022 година-Трет квартал.

Пристапуваме кон втората точка на дневен ред.

2. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи почитувани после анализата на кварталниот извештај логично и нормално е да се донесе и ребаланс на буџетот. Искрено верував дека тоа ќе биде на наредната седница, но веројатно за да има непречено функционирање во извршување на буџетот на Општина Кавадарци општинската администрација се одлучила да се направи ребаланс на оваа седница, а дали ќе имаме уште еден ребаланс на буџетот до крај на годината, нормално тоа ќе зависи од натамошното реализирање на буџетот, односно остварување на приходите и реализација на расходите. Значи како што кажав и претходно во анализата на кварталниот извештај имаме некои приходи кои што сме ги оставариле и некои сме ги надминале, а некои не, па заради тоа нормално треба да се направи усогласување во делот на приходите по структура што е остварено и што се очекува да се оствари до крајот на годината. Тоа го спомнав сега не сакам да повторувам во тој дел. Само сакам да потенцирам дека имаме зголемување, надминување на капиталните приходи, а таквиот процент на раст на капиталните расходи не го гледаме во делот на расходите на буџетот. Значи процентот на остварувањето

на расходите е помал од тоа што е во делот на приходите. Значи немаме можност да ги намалиме трошоците тековни иако тековните приходи не сме ги оствариле со тој процент, но сепак како позитивно е тоа што правиме со овој ребаланс зголемување на буџетот . Значи имаме остварено повеќе приходи од тоа што сме ги планирале. Ние уште кога го носевме буџетот значи имавме намалување на буџетот на 22-ра година во однос на 2021 и тоа е добро што сега имаме зголемување. Добро е и тоа што уште тогаш кажавме капиталните расходи ги намалуваме во поголем процент во однос на 2021 –ва и реков и тогаш дека не смееме да се случи да не ги оствариме капиталните расходи и ако правиме ребаланс да нема намалување и тоа се случува. Значи нема намалување, има зголемување, но бидејќи сме дошле до екстра приходи врз база на капитални приходи. Значи тука кај капиталаните расходи треба да имаше поголем процент на остварување до крајот на годината. Во делот на програмите сакам само да споменам, приметив дека во Програмите за јавна чистота, зеленило, паркови и зеленило, да тие две програми, мислев дека уште една беше, значи таму пак ги враќаме ставките што со претходниот ребаланс ги намаливме. Значи тогаш реагирав и реков дека не треба да се намалува, не трпи чистотата, јавното зеленило во градот, Градоначалникот кажа дека нема да трпи, дека ЈП Комуналец ќе може да си ги покрива, ќе има приходи од хидро централите, но сега пак ги враќаме назад, дали заради тоа што оствaривме дополнителен приход, па Комуналец ќе си ги добие средствата што му требат за покривање на трошоците за одржување на комуналната чистота и зеленило. Дали тоа значи дека очекуваме нешто дополнително екстра, затоа што и треба да се направи во делот на чистотата во градот, во периферијата. Значи централниот дел, јас кажав и претходно со програмите дека градот ни е почист во однос пред неколку години, но дека треба и може да си дозволиме како град поголема чистота во делот на периферијата, во делот на селските средини. Луѓето очекуваат и таму да се присутни луѓето од ЈП Комуналец. И уште сакам да кажам во делот на самофинансирање. Значи пак спомнав и претходно и сега ќе кажам дека еве на пр. во градинките, тука е присутна и директорката во градинките. Значи сега ние донесовме одлука како Совет покачување на партиципацијата, а во делот на самофинансирање со ребалансот имаме намалување на приходите. Значи сакам да потенцирам како препорака еве за наредната година, мислам дека можете подобро

да ги испланирате приходите по однов на самофинансирање, се знае колку деца има капацитет градинките. Значи врз база на искуството од претходните години колку деца ги користат сите услуги на градинката, колку деца. се само со привремен престој итн. за да не се случат вакви ситуации.Значи сега имаме зголемување на градинката и имаме намалување на приходите од самофинансирањето, а тоа е најверојатно заради лошата проценка на самите приходи. Можеби тука беше проблем и ковид ситуацијата, немавте некоја претстава, па бевте преамбициозни во планирање на тие приходи, но сметам дека во тија дел треба да се подобриме за да имаме реална слика и кога ќе ги гледаме бројките да ги носиме правилните заклучоци зошто тоа е така. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Кој е против. 5.

3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Кој е за.

4. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2023 година ;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање . Кој е за.

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање . Кој е за.

6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја ставам на гласање . Едногласно усвоена.

7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2022 година;

   Отварам претрес. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

8. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Јане Сандански„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци плански период (2020-2025);

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

9. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.

11. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Вељко Влаховиќ" како приоритетна инвестиција;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Се извинувам дали може 5 минути пауза.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Се разбира како не може. Пауза 5 минути.

Почитувани може да ја продолжиме седницата. Значи 11 точка

Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Вељко Влаховиќ" како приоритетна инвестиција

Го добивте материјалот на ваше барање. Отварам претрес. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми. почитувани граѓани. Ќе се обратам со ова излагање на четирите точки, бидејќи се сродни, само се однесуваат на различни улици. Значи Општина Кавадарци изготвува проект и аплицира по јавен повик за реконструкција на локални патишта, улици и патишта во рамки на Проектот Поврзување со локални патишта. Вкупната вредност е од 76 522 532 денари од кои веќе се потрошени средства за реализација на 5 улици и сега се планира, се проектира реализирање на овие 4 улици и тоа Вељко Влаховиќ во должина од 214,42 метри и ширина 2метри на 5,5 метри, улица Димката Ангелов Габерот во должина од 520 м. и ширина од 6,3 м., улица Максим Горки во должина од 245 м., ширина 6 м и

улица Слога во должина од 240 м и ширина од 5-9 метри. Со ова сакам да нагласам дека уште еднаш го потврдувам она што го спомна и колегата Мелов кој што не го негира и Градоначалникот и го потврдува дека централната власт, без разлика што е предводена од политичка партија, која што не е на локална власт го потпомага развојот на Општина Кавадарци со вакви клучни проекти за граѓаните од овие населени места. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Градоначалниче.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да тоа е трета фаза од Проектот за реконструкција на локални улици и патишта. Е сега сега кога веќе дебатираме, гледам сте навлегле во материјата. Јас би сакал да ве прашам пошто Владата односно Министерствоо го распишува тендерот за колку време ќе се отпочне и за колку време ќе бидат завршени улиците пошто не критикувате дека ние споро ги завршуваме улиците. Еве кажете за колку време ќе бидат реконструирани овие улици. Кажете ни како да правиме.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Мислам дека на грешка адреса е поставено прашањето. Има министерство што го распишува тоа, ние сме само советници во Локалната Самоуправа на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може јас едно прашање. Зошто пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ минатата година го кочеше истиот овој проект кој што е за сите.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не сме на парламентарни.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не ама сега поставуваш прашање. Еве прашај.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас ве прашувам директно како советници.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: И јас те прашувам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ми кажувате дека 41- ва Дивизија се работе 3 месеци, 7-ми Септември се работе 4. Колку време се работе Димката Ангелов Габерот, колку време се работе Вељко Влаховиќ, колку се работе Слога и колку време се работе Булевар Македонија така. Максим Горки се извинувам. Година дена е рокот на изведбата. Да знаете. Година дена и кога ќе зборуваме нешто дали е брзо или споро, дај да ги контролираме работите, да видете дека не е тоа споро туку дека се очекува да е нормален рок за изведба. Секој тендер што се распишува за реконструкција на главната односно комплетна реконструкција на улица еве Димката Ангелов Габерот немате доволно информација, треба да си

прочитате да видете дека таму покрај тоа што парите кои што се од Светска Банка, преку Министерството за транспорт и врски ќе се реконструира цела улица Димката Ангелов Габерот, опфаќа коловозна лента и тротоарски дел. Претходно ЈП Комуналец почнувајќи од среда ќе го реконструира во должина од 560 м. со инвестиција од 5 000 000 денара целокупниот колекторски систем. Значи прво Комуналец, наши средства ќе го реконструира колекторскиот систем, а паралелно отпочнуваат тендерската документација која што е веќе мислам во фаза на тендерирање и воведувањето на работа за реконструкција на улица. Да им кажиме на граѓаните уште сега дека тоа ќе трае 7 месеци, без разлика дали тоа ќе го пишува Општина Кавадарци, Светска Банка или Министерството. Тоа е процес на изведба . Да не се критикуваме за доцнење на работи дека споро се работат некои реконструкции. Тоа е динамиката. Тоа е работењето. Не може фушерајски да го направиме преку ноќ. Така да за тоа ми беше прашањето поставено. Така е точно е, сето тоа што го кажавте. Парите добро е што се обезбедија,..затоа што општинитесе во таква ситуација какви што се, меѓутоа рокот на изведба нема да биде ништо пократок ни од 7-ми Септември, ни од Мито Хаџи Василев, ни од 41-ва Дивизија. Не се праве преку ноќ ништо. Тоа е процес на работа градежна која што треба да одговоре.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани советници пристапуваме кон гласање на оваа точка. Кој е за точка 11. Едногласно усвоена.

12. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот “Реконструкција на улица Димката Ангелов Габерот” како приоритетна инвестиција ;

Никој не бара збор. А повели, се извинувам. Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Јас се извинувам. Тука би сакал да преточам пошто улицата Кирил и Методиј која што е крак на Димката Ангелов Габерот значи проектирањето да се предвиде, затоа што Кирил и Методиј граѓаните од таму имаат реакции дека дел од нив со канализационите системи имаат проблем, а треба да биде уклучена на колекторскиот систем на Димката Ангелов Габерот и водоводната мрежа која што сеуште се користи таму е со лесонитни табли, мислам дека ќе побараме да се реконструира комплетно таа улица со канализациона и водоводна мрежа, да се планира да се оставе крак на Димката Ангелов Габерот кон Кирил и Методиј за да се случи таа реконструкција на Кирил и Методиј да може непречено да биде средено беспрекорно повторно Димката Ангелов Габерот. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Како информација го проверив тоа со Комуналец. Значи со самата апликација на проекти кои што ги аплициравме до Министерството за транспорт и врски и Светска Банка ние проследивме повеќе проекти од кои што беа одобрени тие по сразмер на приоритети и во делот на финансиска конструкција. Со тоа што го решаваме комплетно, реконструкцијата на главниот колектор од Јаворот до Видео Смилевски Комуналец и стручните лица очекуваат дека таа булеварска со канализациона мрежа ќе биде надмината, меѓутоа и во случај да нешто се промаши се остава шахта на спротивната страна баш на улицата каде што почнува , да се почне со реконструкција на понатамошниот дел на канализационата мрежа, а за реконструкција на водоводната мрежа воопшто не е опфатено со оваареконструкција така да може да го ставиме тоа во програма за 23-та, за реконструкција на водоводната мрежа. Инаку за информација на јавноста од наредната недела ние заедно со службите од Општина Кавадарци и со дел од советниците кои што, еве имате јавна покана ќе почниме да ги посетуваме Месните и Урбаните Заедници на територија на Општина Кавадарци за согледување на нивните барањаи потреби за програмата за 23-та. Попрво овие капитални и стратешки објекти кои што ќе ги ставиме за изградба за 23-та, ние ќе ги сослушаме сите Урбани и Месни Заедници и токму ова и вакви проблематики треба да произнесат тие Урбани, Месни Заедници да ги ставиме на документ или ги ставиме за реконструкција за 23-та година. Така да наредната недела мислам дека во една недела дена ќе ги завршиме сите. Тоа е фактички припремањето на буџетот нареден за 23-та година и комуналната изградба целокупна и реконструкцијата на ЈП Комуналец. Секоја година го правиме истото. Значи помеѓу првите 15 ноември ги посетуваме месните заедници, најобјективно, најтранспарентно ги сослушуваме нивните потреби и одвојуваме буџет по Урбани и по Месни Заедници во делот на нивните потреби секојдневни за реконструкција. Така да во тој дел да го вметниме тоа во делот на Урбаните заедници. Распоредот за посетата на Урбаните и Месните Заедници во понеделник ќе биде објавен и на медиумите , меѓутоа ќе биде објавен и на фејсбук и на социјалните мрежи и времето на посета. Така да ќе бидат известени иПретседателите на Урбаните Заедници за да можат да се повикат нели во делот на населението и да си ги сумираат оние сите неопходни работи, маалски да ги речиме кои што имаат потреба да ги завршиме како Општина. Тука ни е

вклучено и ЈП Комуналец, вклучено ни е и Паркирање, сакам да вклучиме дел и од јавната безбедност и од МВР.За тоа ќе се произнесат они исто и со Јавното Паркиралиште Паркинг кое што има некои улици кај што дел од граѓаните бараат веќе да се воведе некакво зонско паркирање, пошто имаат проблеми од втора, трета категорија, па некој бара едносмерна улица.Ова ќе мораме најтранспарентно и објективно тоа заедно да го направиме и со медиумите и со сите советници и со сите чинители на Општината и ќе направиме распоред за од вторник кои Урбани Заедници, мислам дека од ланската година колку што се сеќам 2-3 Урбани Заедници во еден ден ги поминувавме и врз основа на тоа што ќе произлезе му оставаме рок уште 10- тина дена да направат Предлог Програма, ја носат таа Предлог Програма тука нормално со печат , со потпис од Урбана Заедница, разгледуваме заедно со сите служби и ја додаваме на Комунална Изградба за 23-та година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Значи пристапуваме кон гласање на 12-тата точка.

12.Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Димката Ангелов Габерот" како приоритетна инвестиција

Кој е за. Едногласно.

13.Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Максим Горки" како приоритетна инвестиција;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. И 14 точка од овој квартет на точки. Тоа е

14 .Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица Слога" како приоритетна инвестиција;

Кој е. Едногласно усвоена.

15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.32/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес. Дали бара збор. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сакам само да додадам мислам дека беше на барање на Круме од Левица. Дали ги добивте материјалите во делот на сите спогодби двегодишни кои што се правени во делот на експропријацијата и земјиштето. Тоа е. Да добиени се.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Одиме на 16 точка.

16. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;

Отварам претрес. Дали бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

17. Предлог-Одлука за примање на движни ствари од Дирекција за заштита и спасување-Скопје противпожарна опрема и средства за гасење на пожари и давање на Територијална Противпожарна Единица Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве лично да се заблагодариме на Агенцијата за спасување за дадената донацијата противпожарно возило, теренско возило, џип со противпожарна пумпа. Тоа е од општ интерес на граѓаните исто така и за Пожарната и еве за 23-та година нека соберат храброст и за еден камион, пошто последните камиони ги купи ВМРО ДПМНЕ, колку што се сеќам 2010. 2010, да. А инаку за информација на граѓаните преку Плански Вардарски Регион во месец ноември ќе ни стигне односно ќе се испорача уште еден нов камион за 12 тонски противпожарен, ќе добиеме 4 камиони. Тоа ќе биде за Територијалните Противпожарните Единици Кавадарци, Неготино, Свети Николе и Велес преку Швајцарската Агенција, донација од Швајцарците, значи преку ВПР комплетно така да Противпожарната еднца сериозно ги зголеми своите капацитети и својата моблност во делот на не дај непогоди било што.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Одиме на 17 точка. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

18. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„ Тошо Велков - Пепето„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

19. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тоде Хаџи -Тефов„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Едногласно усвоена. Одиме на 20-та точка.

20. Извештај за редовно работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци за третото тромесечје од 2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи од она што може да го видиме од Извештајот јас имам една замерка. Тоа е во делот на наплатата на приходите кои што после му претставуваат проблем за нормалното функционирање на СС Јасмин. Значи имаме негде наплата 28 % , 19% мислам дека во периодот кој што следи треба да се осврне внимание на овој дел. Тоа е едната работа. Во однос на Извештајот и друга работа во однос на Програмата ќе го спомнам и сега. Значи ја гледав програмата, имаме само нафрлени проекти коишто се планираат да се реализираат во наредната година, меѓутоа не гледаме колку парични средства тоа би ја коштало Спортската Сала Јасмин и дали е таа реална програма за реализација. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Советниче.Мислам дека тука б еше директорката. Може на кратко да ни објасне околу тоа. Повели.

ДИРЕКТОРКА НА СС ЈАСМИН: Првично во однос на Извештајот на СС Јасмин на наплатата. Имаме долгови кои се претежно од ГРК Тиквеш и Еуроникел, заради тоа процентот е доста низок . Исто така имаме долг за наплата од 1 700 000 денара кој што во следниот период треба да го наплатиме, а во однос на програмата проектите кои што се наведени мислам дека ќе можеме да ги оствариме со буџетот кој што го имаме и средствата кои што ги бараме од Општината за да можеме да ги покриеме. Конкретно нешто друго ако ви треба слободно. За кој проект.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас би го официјализирал ова вака цело. Дали побарувањата на Спортската сала се од комерцијален аспект и од приватни компании или генерално се акумулирани од ГРК и од КК Еуроникел. Мислам дека 90% тука се побарувањата, нема некои приватни компании кои што изнајмиле нешто, си ги плаќаат обврскките редовно, така да мислам дека тоа е наш клуб градски ракометниот, Еуроникел знаеме е во лоша ситуација со.

ДИРЕКТОРКА НА СС ЈАСМИН: 1 000 000 а долговите се од..

ГРАДОНАЧАЛНИК: ГРК Тиквеш како ракометен клуб мое лично мислење дека имаме добар менаџерски тим и соодветн луѓе од авторитет што функционират. Само да се докажам. Значи Извештајот сигурно ќе дадат квартален извештај и според сето тоа ние што му го имаме одобрено како средства и имаат донации прибрано, они сеуште се кратки со средства да ја завршат годината. Јас лично се плашам, значи лично дека во оваа енергетска, економска криза ние не ќе можиме трите клуба да г инвестираме, доколку не

дојдиме до дополнителни спонзори, а знаете и сами дека тие спонзорите се се помалку на број, не од опстукциите во Општната или нешто друго, него ради економската, финансиска состојба на фирмите и мислам дека тоа ќе биде на национално ниво, не само за Општина Кавадарци, а поготово очекувањето од ваучерскиот систем што треба државата да го даде за јануари, февруари, сами знаете дека ваучерскиот систем функционира на начин фирмите кои што остваруваат добивка да одвојат дел од аконтацијата ..., а ова година многу помал ќе биде бројот на фирмите кои што ќе остварат добивка, него оној кои што ќе направат загуба. Така да очекувајте таму и во ГРК Тиквеш и Еуроникел ќе ни биде тешка ситуацијата финансиска. Така да можеби ќе дојде ден кога ќе треба да разговараме со раководството на ГФК и ГРК, да се стрпат и фудбалери и сите други ракометари и спортски работници, можеби ќе дојдиме и со 50% плата, а во идно време да ја исплатиме за да се одржиме во таа супер лига, прва лига итн.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Градоначалник на Комисијата за спорт пред почетокот на денешната седница една добра идеја произлезе. . За 5 простории баш и директорката од СС Јасмин За јавни и комунални се извинувам. 5 простории од СС Јасмин да се преадаптират за спортистите на ГРК Тиквеш или фудбалерите за да може да бидат таму сместени, да се намалат трошковите, а и директно тоа да биде дотација наша кон клубовите. Зборувам за фудбалерите и за ракометарите.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Сме го размислувале тоа повеќекратно. Јас за 23-та година ќе ставам во програма и реконструкција на старата соблекувална на ГФК Тиквеш и просториите и ние имаме спортисти од различен калибар и од различен вид, имаме спортисти кои се тука дојдени фамилијарно, со деца, со жени, кои што нема да можеме да ги сместиме во еден сместувачки капацитет што значи на некој начин хостел или хотелско сместување, значи тие претежно изнајмуваат станови, тоа се фамилијарни нели. Денес помладите практикуваат да ги сместуваат по двајца по тројца во старт и мислам дека не многу би ги намалиле трошковите затоа што сместувањето по тројца од помлади спортисти и во делот на СС ќе биде терет затоа што ќе биде греење, ладење и функционалност на самите потреби, пошто киријата која што ја плаќат во однос на сместување е два пати помала по однос на основните трошкови за струја и сериските трошкови, режиски кои што ги плаќаме месечно. Нормално во таква ситуација сме сега затоа што фудбалот, ракометот влечат поголеми средства, поради тоа што

изминатиов период беа на ниско ниво, а сега имаме доста спортисти , фудбалери и ракомети тренери кои што останаа, она што го зборевме и прошлиот Совет дека ние активно треба да работиме на младинските категории на детскиот спорт, деца да може да ги издигниме за да имаме што повеќе спортисти од Кавадарци со тоа би ги оправдале тие трошкови. Во делот на реконструкција на старите соблекувални, тука би излегле 2,3 апартмани и мислам дека ќе прифатат помладите спортисти, оние кои се сами дојдени тука да живеат, а оние кои што се фамилијарно нормално бараат стан и да бидат општествено фамилијарно ситуирани.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Кој е против. 14 за. Кој е против. 5. Во ред.

21. Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци за 2023 година;

Значи Програмата на ова ЈП. Едногласно усвоена.

22. Предлог- Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување на спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци;

22 точка. Нема претрес. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

23. Предлог- Статут на Јавното претпријатие за стопанисување на спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци (пречистен текст);

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање.

24. Предлог-Решение за формирање на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локални младинско собрание на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Повели.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани советници само едно појаснување. Оваа комисија односно Иницијативен одбор е формиран врз основа на претходно распишан оглас од страна на Општината и има само една функција, односно да изврши формирање на Собрание на млади, значи Локално Собрание на млади и со формирањето на Локалното Собрание и одржувањето на првата конститутивна седница мандатот на овие членови истекува односно завршува. Како членови на овој Инцијативен одбор се ставени на предлог: Давид Богевски, Дарко Митков , Софија Маркова, Атанас Петков и Трајче Стојановски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред советниче. Кој е за. 18 за, 1 воздржан. Пристапуваме на 25 точка од денешниот дневен ред.

25. Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната Општинска Установа за деца-Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Воздржани. 5. 1 против.

Пристапуваме на 26 точка од нашиот дневен ред. Тоа е

26. Наративен и Финансиски Извештај за реализацијата на Тиквешки Гроздобер 2022 година, од Иноватива ГРОУП ДООЕЛ Скопје;

Отварам претрес по оваа точка . Дали некој бара збор. Повели советничке Валентина.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани граѓани, почитувани советници, почитувани медиуми во врска со Извештајот за манифестацијата Тиквешки Гроздобер морам да истакнам како никогаш досега собрана е сума од околу 200 000 евра. Гледаме од Извештајот дека од Бизнис сектор сме имале силна поодршка. Општиот впечаток за Гроздоберот е позитивно задоволителен. Вниманието треба да се насочи кон структурата на расходите. Имено оние кои се најмногу платени тие најмногу и потфрлија овој пат. Главно потфрлање на Гроздоберот беше концертот на Горан Бреговиќ за кој има одделено 1 800 000 и неговиот оркестар за кој се платени 246 000 денари, не беше ни приближно во составот кој што требаше да биде значи на концертот и оставил лош впечаток и сомнение за организацискиот капацитет на организаторот. Можеби требало да се договорат за тие пари да бидат комплетни како би ја добиле ние граѓаните правата слика. Друго во организацискиот дел се примени непрофесионалност, посебно во поглед на информативните флаери каде сатницата за отпочнување на концертот на Харис Џиновиќ е промашена. Во тој поглед организациски ќе пренесам незадоволство од граѓаните во поглед на карневалот, односно карневалското дефиле беше како никогаш досега сиромашно. Занемарливо малку карневалски групи од страна, една или две, а биле повеќе низ времето повеќе од 10, делегации од побратимените градови помалку од 10, а секогаш биле повеќе од двојно повеќе. Исто така имаше потфрлање и од страна на општинската администрација. На свечената седница по протоколот на поканетите гости. Потфрлањето од ваква природа

се недозволени, пошто негативно влијаат во угледот и статусот што го ужива Општина Кавадарци. Со оглед на висината на финансиските средства 11 122 475 денари или близу 190 000 евра за организирање на тридневна манифестација, сметам дека се и повеќе од солидни средства каде не треба да стане збор за било какви потфрлања. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Набројавте повеќе работи во дел на Тиквешкиот Гроздобер. Благодарам за оценката дека дека на ниво беше организацијата. Јас прво би го почнал вака говорот. Би се заблагодарил пред се на приватниот сектор кој што и покрај оваа кризна година добивме силна подршка во делот на донациски, финансиски средства и други материјални. Исто би се заблагодарил на сите оние кои што беа вклучени во делот на организацијата. Сакам да продискутирам малку во однос на оние забелешки или критики како сакате кажете ги кои што ги кажавте. Да, во делот на Бреговиќ не би коментирал пошто ако кажам дека и лично сум разочаран, може ќе го сфанат грешка па ќе ме тужат тие уметници не знам што да ти кажам јас не го разбрав ни што пееше. Горан Бреговиќ, име презиме кое што котира толку време на пазарот на естрадата на уметници кои што преминало во нешто друго кое што буквално за нас е сеуште несфатливо, а и за повозрасните што го знаат во делот на неговото издание и би се согласил доколку знаеме дека ќе беше таква музика и јас еве би си земал за право да ви кажам на пречекот на Горан Бреговиќ пошто добив вакви информации дека ќе има настап некаков како што имал во Скопје и ред други и го питав затоа што е 73 години човекот и му викам ќе извините Бреговиќ Што ќе пееме вечер како ќе биде настанот и он ми вика 80% нема да разберат што ќе пеам. Јас мислев он ме зафрка, он реален бил разбираш. И така излезе. Значи да таа музика е далеку од нас и далеку за нашата манифестација. Може после 20 години човекот ќе испадне дека бил во право. Не знам тоа е уметност во која јас нејќам да навлезам, али за таа сума и тие пари можеше да земиме и двајца други коишто ќе направеа подобра забава во делот на Горан Бреговиќ, али сето е искуство, ќе го поминиме и надминиме. Во делот за свечената седница и јас имам забелешки и би ве замолил во иднина затоа што тоа беше официјална свечена седница која што ја воде Претседателот на Советот, сега нека не биде ова критика према Претседателот, воа

нека биде критика према службите кои што го организираат Советот дека секој треба да си го знае каде му е местото и кај му е столчето. И јас да сум советник и јас би реагирал на ист начин. Тоа што е свечена седница и секој треба да си има соодветно столче, како гостин, советник, поканет човек и било како во делот. Ние направивме искрено пропуст, затоа што немавме соодветно сместување на луѓето за свечената седница и немавме ни обезбедување, дури влегоа луѓе и непоканети на самата свечена седница, али еве и тоа нека ни биде школо за наредната здрави, живи свечена седница. Во делот на карневалските постројки што ги имавме и поставки. Да, беа слаби прифаќам и си зимам за обврска, а сите заедно да работиме што повеќе во дигањето на свеста на карневалот, али морам да земам во обзир и да кажам дека 2 години не го одржувавме карневалот и тоа 2 години неодржување на карневалот некако малку избега ситуацијата од нивото. Од поканетите и потврдени карневалски групи 3 ни откажаа во последен момент, едните откажаа заради дел од карневалските групи заради ковид, други заради економските патувања кои што му биле ограничени во делот на Општината, али тоа е само еден сегмент кај што беше помал одзивот на карневалските групи, али ние пред се треба да работиме како Кавадарчани, да направиме една солидна наша поставка и која што ќе биде традиционална поставка за наредните 3, 4 години. Да така е, треба да работиме, тука треба максимално Домот на културата да се вклуче, максимално Секторот за култура и манифестации и да можеме да макотрпно постигниме, нема да го постигниме тоа за 6 месеци, 7. Добро е штом сме дел од Светската односно Европската Организација на фестивали и од нив лично бевме пофалени дека во ова време добро е што сме го организирале и барем одржале колку толку настанот пошто многу, многу други општини го имат откажано ради и пост ковид и економската ситуација. Општина Кавадарци традиционално ги одржува и ги негува братските односи и побратимувањето со сите општини, одговараме на секоја покана, дел од советниците веќе имаат изградено и лични релации со други побратимени општини и јас како Градоначалник со дел од тие градоначалници и мислам дека тоа нема крајна граница дека можеме да го развиваме на се повисоко и повисоко ниво. Во делот на расходот верувајте дека животот дојде се поскап, поскап и уште поскап и добро е што со истите средства како изминативе 6,7 години успеавме да оваа манифестација ја одржиме и публицитетот на

самата манифестација е еден од попосетените и подобрите во државата. Со оглед на тоа ако земиме да го видиме и Струмичкиот Карневал и Прилепскиот Пивофест и Пиволенд во Скопје се многу паднати последните 2 години, а Тиквешкиот Гроздобер најбитно ми беше дека одржавме 3 дневна концентрација на луѓе и денски и навечер во континуитет, која што сепак не е мала работа, трошковите како трошкови ние нема да ги гледаме само како трошкови, како Општина мораме да ги гледаме и придобивките во целокупната ситуација. 25 000 литра вино испиено од различни винарски визби, задоволни штандовите на плоштадот, на другите поставени ситуации кои што беа мало паркче и ред други. Поентата ми е лично мене постигната во делот на традицијата и односот на конзумација на вино и самата култура за вино. Многу од делегациите кои што дојдоа после 2 години пост ковид видоа нови работи во Кавадарци, како Винотеката, Винскиот Музеј кој што е изграден, ред други работи кои што можат да ги посетат од културни манифестации, од инфраструктура, со пофални зборови за работењето на Општина Кавадарци, Совет претходен, сегашен небитно и мислам дека како град треба да работиме од утре натаки за подигање на нивото на карневалската група поготово, а и на самиот Тиквешки Гроздобер. Ме радува фактот што самиот Тиквешки Гроздобер не е измислица, не е нешто кое што го наметнуваме него кое е традиција која што постои повеќе од 65 години и имаме аргумент и право за тоа да го одржиме. Така да се што е одржливо и што има историја и има подлога мислам дека лесно можеме да го негуваме и да одиме што понапред во делот на самата манифестација, а верувајте, мислам и вие сте сведоци сами кога треба да се одбере уметник или кој да настапи на сцена се најтешките моменти и тоа неколку пати сме го дискутирале и од една особа откажавме, па со друга ја сменивме. Јас бев најголем скептик за петокот, затоа што беа некоиси Вучи, да, петокот беше со најголема посетеност и секоја мајка беше со дете во рака за да го слуша Вујаж, како го викат тија, Вучи и вија. А и тие не ги разбравме што пееја, ама ете децата ги сакат. Така да мислам дека за секој сегмент имаше програма и се согласувам со сите забелешки, а поготово за свечената седница, затоа што треба нивото и достоинството на секој да биде запазено и на советник и на гостин кој што е поканет во делот на свечената седница. Сепак тоа е официјална свечена седница на град Кавадарци, односно на Општина Кавадарци. Предлагам да се вклучиме максимално. Еве секој што има малку познавање од оваа работа да предложе луѓе

кои што покрај од Општина Кавадарци и од Дом на културата и надворешно би се вклучиле за подигање на нивото на карневалот. Ние веќе разговараме со особа која што имаше живеано долго време во Италија, во Шпанија каде што учествувала на карневалски групи, учествувала на карневалски подготовки. Таа е тука, Кавадарчанка е, од кај нас, од Кавадарци и мислам дека ќе ја зангажираме поготово во овој дел за подигање на карневалот и подигање на самата манифестација Тиквешки Гроздобер, а и нормално ќе си пуштиме јавен повик секој еден што има амбиција и желба и познавање од тој дел да го дигниме гроздоберот на повисоко ниво. Јас како Тиквешки Гроздобер пред се сум задоволен затоа што и покрај населението кое што беше присутно како податок негде за трите дена имаше влез на 11 000 возила со страни регистерски таблици во Кавадарци, поготово од 16 часот до 22, имавме делегација на ниво од Премиер од државно ниво, имавме делегации од политички партии и од опозиција и од позиција и градоначалници од целиот регион кои што не посетија, нормално треба да го возвратиме на соодветен начин и така го личе еден празник, да сите бидат на едно место и да одадиме почит пред се на градот, на 7-ми Септември, а нормално и на Гроздоберот кој што ни е традиција и треба да си го сочуваме. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вака сега Ристе повели, па советничката Даниела и Јован Златевски.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитувани колеги после голем настан, по мене и добар настан треба да правиме анализа. Позитивни работи нека се 100, нека се 3 негативни работи, негативните работи подлабоко да ги анализираме и да најдиме што е грешката и да си ја прифатиме грешката и да не ја повториме. Од неколку аспекти спомна и колешката дека Претседателот со неискуствoто направи грешка. Кога се канат луѓе на свечена седница се канат по име и презиме, некаде каде што сум патувал по Европа, секаде ти даваат мапа да видиш кај ти е местото пред да влезиш во сала, да не го бараш местото, значи мапата ти ја даваат на влез во сала и Дом на култура ги пропушта тие само што имаа покана и поканетите луѓе се 300, има 300 столчиња. Ако Ристо Сакалиев како советник не дошол во 20 часот, свечената седница завршува во 21, ја може сакам последните 2 минути за да земам чест, да го подржам Претседателот и Градоначалникот на крај, да видам кои ги наградуваат, првиот дел може не сакам да го гледам. Моето столче треба да е празно. Беше така претходниот пат. Половина

сала празни беа столчињата и многу луѓе викаа овие напред се празни, назад полни. Тоа е место за одредени луѓе, тие луѓе ги нема и треба да ги видиме ако ги нема, советниците ако не дошле на седница празни да им бидат столчињата, па да рече граѓанството овие не отишле на седница, а зимаат пари им се плаќа, значи таа грешка нема да се повтори, не е голема грешка, малку неискуство, малку немарливост или па некој седнал и нема да го дигаш на сила, да го тепаш, па да го бркаш, што да му правам, седам во ќош. Другата работа што треба Каваадрци како Гроздобер, музика, забава е добро, па гостите што ни доаѓаат, ако ти дојде Министер, Премиер, лидер на политичка партија и овие збратимени што доаѓаат, значи немаше од 15 делегации да не дојдат 3, не е никаде проблем идењето по пари, во друго е проблемот . Јас многу време сум тука и секаде сум бил, нашиот Градоначалник има голема грешка што сега во мандатот од 5 години нема отидено ниту во еден збратимен град како поканет, Претседателот исто така треба да оди. Зафатен сум јас, нека оди некој друг. Тој некој друг не е Градоначалник, треба ти да одиш. Изгуби два дена во мандатот, во четири години сите збратимени по еднаш треба да ги посетиш. Не бега Кавадарци Градоначалник. Никој не ти го зима. Таа грешка треба да си ја прифате Градоначалникот и да ги удостое со едно негово одење. Макар нека биде и на еден ден, одиш и се враќаш. На свечениот ден не канат ние да одиме за Углевиќ, Градоначалникот дава очет, некој колега вика ми е интересен да го гледам свечената седница ми е таму во 4, ама јас ќе одам утре да се најадам и таму ние одиме како циркузанти. Добро ги познавам, тие се од мене соработки направени збратимувања. Значи не поканија на свечена седница и да удостоиме ние со присуство, главната работа овде е кога има Градоначалникот збор, да се појавиш, инаку недела навечер полно беше Старо маало, партиски, вакви, такви нека јадат и за тие е празник, не е спорно, али главниот настан е тоа свечена седница и прием на Градоначалник. Тука треба да работиме , да ги тргниме тие работи. Никогаш не сум зборел дали е изедено, многу, малку. Од народ за народ. Градоначалник може да се смееш, ти е смешно, ама си ја зимаш вината на грб и на тебе твоја грешка е што од 15 луѓе и свадаба ако правиш, каниш 300, идат 150, малку е проблем. Значи да ги изделкаме работите, да ги дотераме и малку по малку одгодина, во година да ги исправаме. Претседателе не е злонамерно. Ова не е злонамерно. Сега ова година ти се истутнале, друга пиши ги по столче, пушти му покана и мора Ристо да седи

таму што му е. Да. Градоначалник замерката ми е према вас и према Претседателот, ама не е злонамерна, него е да ве охрабриме да бидат работите како што доликува, инаку Кавадарци секој сака да го посети и дека некој гостин од Углевиќ не сака да иде,ај да му пуштам утре покана, одма 5 луѓе ќе дојдат и ќе најдат пари и време, али они сакат и Градоначалникот со нив да седне на вечера , на ручек и он таму да оде. Големината е тоа. Инаку ние сме обични советници. Не тежиме толку. Така Градоначалник. Значи твојот авторитет не си го множи со 0. Обврска ти е тоа. Тие 2 дена, 3 дена оди И врати се. Толку. Има и други грешки што нема да ги кажам. Јавноста не треба се да слуша.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Процедурално само. Почитуван советник, почитувани колеги советници се слагам. Точно. Самата свечена седница имаше проблем околу столчето. Таа вина за сместување ја превземам како моја одговорност. Се слагам и со колегата, можеби неискуството го праве тоа, меѓутоа сето ова е конструктивна критика и да ве уверам дека одгодина ќе биде исправена. Тоа е во однос на првиот дел. Во однос на вториот дел секоја конструктивна критика што можеме да ја разбериме јас мислам дека можеме и да ја надминиме. Тоа што е за пред јавност кажано округло, па на ќоше никој да не те разбере, тоа само ти ќе си го знаеш, никој од другите нема да те разберат. Во однос на одењето на делегациите, побратимени градови, делегациите што беа дојдени тука беа испочитувани од Градоначалникот и од мене како Претседател на Совет, на нивно испраќање имаме средба со нив. Во однос на присутноста, на посетата нивна и Градоначалникот и Претседателот на Совет во рамките на нивните можности, можеби во идно време треба да се потрудат, меѓутоа сметам ниеден побратимен град на нивна покана нашата делгација ги нема одбиено, односно имат пратено наши советници да не заборавиш Ристе дека и ти беше во текот на оваа година, откога сум јас Претседател во Углевиќ, така да не сметам дека тука не се удостоени нашите побратимени градови од нивната покана од наша страна за посета, така да еве наредниот период слушам одредени забелешки на опозиционист табор во однос на одење за збратимените градови ви ветувам дека при изразена ваша желба и вие може да го посетите и вие да бидете дел од групите. Значи Да не биде тоа дека едни одат, а други не одат. Сакам сите да бидеме вклучени во посета на збратимени градови нормално на тој начин преку таа разноликост ќе го направиме Советот уште поотворен за соработка. Со оглед на

мојата работа и професионален ангажман према Општа Болница Кавадарци сум врзан со дежурства, давам се од себе, ќе ја прифатам и таа конструктивна критика, ќе се потрудам во наредниот период. Ви благодарам. Повели Јован Златевски. Повели Ристе.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Грешка ме сфати. Не дека кога доаѓаат гостите не се удостоени од Претседателот, Градоначалникот. Тоа е ниво што тие се благодарни, немат никаде подобар пречек од Кавадарци, проблемот е во тоа што ние како делегација одиме само советници, нејќу да коментирам дали ќе биде една партија, советници сите сме исто, 19 луѓе.. треба во делегацијата барем еднаш да се појави Градоначалник или Претседателот .Односот на гости што ги праќаш на градот Углевиќ ти му праќаш само советници, а нас не пречекуваат Претседатели на Совет, Градоначалник ..Значи и нашиот Градоначалник да отиде таму за да дигниме рејтинг. Инаку Кавадаарци сегде котира и каде и да одиме Кавадарци е пример.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Побратимување и дружба се многу убава работа. Вие сте 6 мандати советник. Во 6 мандати што успеавте со вашите одења, пречеци, се во економски аспект и културен аспект и во било каков аспект да вие донесите и како Совет и како претходни Градоначалници во интерес на град Кавадарци и во интерес на граѓаните. Прошетката не е целта на побратимувањето. Ти на Германец да се побратимиш, да му речиш ела да се прошетаме. Нема. Значи покрај културата треба да имаат економски аспект и бенефит и двете општини, така да јас не гледам ниеден досега побратимен дел во делот на економскиот аспект на Општина Кавадарци, а јас те уверувам во наредните 3 години доколку пак не дај боже не фате пандемија како што имавме 2 години и немаме кризи, дека со отпочнувањето и содржајните содржини и со претпристапните фондови кон ЕУ, а поготово во побратимените градови кај што се влезени во ЕУ дека ќе го имаме најголемиот бенефит ние како Општина Кавадарци и како држава. Значи јас сум човек кој што менаџирам и сакам од секоја таква средба барем да има дел од економски ефект од целокупната дружба и нормално побратимувањето на самите градови. Сами знаете дека од Општина Буча, кои се во незавидна лоша состојба, односно се во војна, во најлошото му помогнавме, нема да коментирам повеќе дека тие луѓе, тука дојде заменик Градоначалникот на Буча, видовте, беше присутен. Тие луѓе кои се во таква состојба, ние кога ќе му помогниме како Општина

Кавадарци нема никогаш да не заборават, затоа што во прв момент кога они ќе можат да ни возвратат и вратат, тоа е за мене најголемиот бенефит и цел на едно побратимување и еден бенефит меѓу два народа, две држави, два града и било која ситуација. Беше критикувана, сега ... политички 2017 што ја спомнуваме, и 15, и 14 имаше некои патувања, ги викавме офроад, Владата ги викаше офроад патување. Од сите тие патувања, тогаш ги критикувавме дека се трошеа милиони евра за патувања, а немаа ефект од таа работа, значи според тебе нема никаков зијан од дружба, меѓутоа мора крајната цел вие како советници, јас како Градоначалник и Претседател на Совет да се договориме и да направиме цел. Еве на пример претходниот советник од Марена би го спомнал Митко, јас викам дека он е единствен советник кој што има направено економски аспекти и потенцијал за Општина Кавадарци. Со неговата советничка улога и бизнис заедница он извезува 3 000 000 кг. грозје во делот на побратимен град Углевиќ. Значи тука да го гледаме ефектот. Тоа да ти биде стратешката цел на појдовната точка , да ја постигниме. Инаку за прошетки сум и јас вака азар, ама дај да во време направиме тоа што е најпогодно за жителите, а поготово во делот на побратимените градови.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник баш и за тоа ве повикувам вас тука и пред советниците дека ти можеш нешто такво да направиш, а дека ништо не сме направиле не е така. Макарска веќе беше Претседател јас, направивме збратимување и направивме бизнис со федерацијата на извоз на месо. Значи тој бизнис може и ден денеска функционира. Со кланицата. Исто така и со Углевич имавме соработка влез на пилети, излез на грозје итн. Во Градоначалник во Турција бевме, Турците од нас барат тонажа на вино, ние не можеме, како што барат во 2 дена ние не можиме во една година да извезиме. Некаде не држи вода...Тоа што сме можеле како советници Градоначалник сме го правеле. И сега треба и ти да помогниш на таа работа. Не реков јас богзнае што. Дека треба да одиш и да потурниш малку. Не е лошо.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред благодарам благодарам советниче. Советничка Даниела Ивановска.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Почитувани присутни, почитувани граѓани во контекст на дискусијата сакам да му кажам на Градоначалникот или да се обратам до општинските служби. Ова не прашање од мене како советник, ова прашање е од сите граѓани. Исто се работи за една манифестација карактеристична за нашиот град и долгогодишно. Сега скоро на телефон гледав слики

57-ма, 58-ма, Кавадаречкиот панацур бил доста активен на ова подрачје. Без наша одлука годинава панаѓур во Кавадарци немаше. Сакам да знам која е причината зошто е укината ваквата пазарна манифестација. Зошто не се одржа, не беше известена јавноста, кои се причините за одлагањето, неодржувањето, прекинувањето на оваа манифестација. Короната помина не можеме. Кога одржавме Тиквешки Гроздобер не можеме да се повикуваме на корона .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не можете традиционална манифестација да ја мешате со панаѓур.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Традиционална е за Кавадарци. Традиционален е како што гледам слики од. Ова е прашање од граѓаните сега.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали е влезен во Програмата за културни манифестации. Ако не е влезен, значи не е предвиден со програмата.
Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ајде повели се извинувам.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Имавме комисија пред одржувањето на ова седница. Начнавме некои работи за Граздоберот и сите забелешки беа прифанати и нема што пак да ги повторуваме. Добро е што си ги признаме некои грешки. Само сакам да кажам една работа што не ја спомнавме на таа комисија. Кога ќе се организирате на свечената седница, добро би било по мене да се поканат и претседателите на МЗ од коишто имате забелешка. За овие патувања кај збратимените градови не е лошо во иднина ако треба и од бизнис секторот да се направат, не мора цел терет да биде на домаќинот, можеме и ние да учествуваме, само да имаме некои бенефити, оти сепак не можеме ние како советници да ги претставуваш стопанствениците ако нема некој со нас и од стопанството. Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Значи идејата ти е одлична. Ќе направиме го направиме преку Регионална Стопанска Комора на принцип за интерес за посета на збратимените градови. Во однос на првиот дел за претседатели на МЗ и УЗ во текот на наредната година ќе ги имам во предвид . Благодарам.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: На секоја свечена седница.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Апсолутно таков е редот, бидејќи. Така е. Во ред. Уште еднаш се извинувам да гласаме. Кој е за. 11 за. Против. 6.

Почитувани одиме на 28 точкана денешниот дневен ред. Мислам 27-та точка. Тоа е

27. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласнно усвоена.

28. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. 14 за. Против. 5.
И последната точка на денешниот Дневен ред.

29. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

Нема дискутанти. Кој е за. Против. 5. 1 воздржан. 13 за.
Почитувани со тоа е исцрпен денешниот дневен ред. Ви благодарам за присуството.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов